РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО СТРУГА
UNIVERZITETI NDËRKOMBËTAR NË STRUGË
Бр.Nr 02 - 166/3
30.03. 20 20 г.v.
СТРУГА-STRUGË

Архивски знак
Shenja Arkivore 0202
Рок на чување
Afati i ruajtjes Трајно
Потпис/Nënshkrim
30.03.20 г./v.

Во согласност со член 87 став 1 и член 88 од Законот за Општа Управна Постапка (Сл. Весник на РМ бр. 124 од 23.07.2015 година), како и врз основа на член 142 од Статутот на Меѓународниот Универзитет во Струга, а во врска со член 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/19), како и во согласност со Одлуката од Сенатот на Меѓународниот Универзитет во Струга за организирање и воведување систем за далечинско учење со примена на средства за електронска комуникација со број 02-164/2 од 27.03.2020 година, Ректорската Управа на седницата одржана на 30.03.2020 година ја донесе следната:

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

# О Д Л У К А

**За утврдување листа на информации од јавен карактер од надлежност на Меѓународниот Универзитет во Струга**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува листа на информации од јавен карактер, кои ги создал и со кои располага Меѓународниот Универзитет во Струга во остварувањето на своите надлежности утврдени со закон.

Со оваа листа на информации од јавен карактер ги содржи информациите кои се создаваат од страна на органите на Универзитетот и тоа:

- Акти на органите на Меѓународниот Универзитет во Струга (достапни на www.iust.edu.mk)
- Соопштенија до јавноста за тековните активности (достапни на www.iust.edu.mk)
- Годишни извештаи (достапни на www.iust.edu.mk)
- Студиски програми (достапни на www.iust.edu.mk)
- Научно-истражувачка и издавачка дејност (достапни на www.iust.edu.mk)
- Меѓународна соработка (достапни на www.iust.edu.mk)
- Рецензии за избори во звања (достапни во Билтен на МУС и www.iust.edu.mk)

**Член 2**

Заштитени од правото за слободен пристап до информациите се сите лични податоци, согласно со (Законот за заштита на личните податоци), податоците од тековните финансиски активности по сите основи и сите информации утврдени како исклучок од слободен пристап на информации со член  од Законот.

**Член 3**

Листата на информации од јавен карактер се објавува на веб-страницата на Меѓународниот Универзитет во Струга.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Правна поука: Против оваа одлука може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на донесување на истата, до Ректорската Управа на Универзитетот.

**ПРОРЕКТОР**

**Проф. Д-р Гзим Селими**